# Орал дедо што ми орал




Орал дедо што ми орал )
чу селото тапан чука ) 2п
си распрегнал двата вола )
па ги впрегнал во два дола ) 2п

Па си ојде во селото )
во сејото,кај берберот ) 2п
си избрикол брадичката )
си потстригол мустќите ) 2п

Па си појде на орото )
на орото кај момите ) 2п
па ги прашал убав ли сум )
убав ли сум,личен ли сум. ) 2п

Убав си ни,личен си ни )
како вампир сега си ни ) 2п
како маче,гурелаво )
како прле,потстрижено ) 2п